АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 04. 10. 2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4261 | 1 | |

09:00

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип

3. **Период опфатен со надзорот**: 1 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 4 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 77 став 2 од Изборниот законик** („При објавување на резултатите од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес, медиумите и електронските медиуми (интернет порталите) се должни да наведат податоци за името на нарачателот кој го побарал и го платил испитувањето, институцијата што го извршила испитувањето, применетата методологија, големината и структурата на испитаниот примерок и периодот во кој е спроведено испитувањето“).

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, емитуван на 1 октомври 2017 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 77 став 2 од Изборниот законик**. Како завршен дел во склоп на целината од новинарскиот прилог насловен – „Седми ден кампања за Локалните избори“, ТВ 24 Вести емитуваше резултати од испитување на јавното мислење спроведено од (цитат) – „(...) агенцијата Рејтинг и Фокус“, но не ги наведе задолжителните податоци за: нарачателот на испитувањето; применетата методологија; големината и структурата на испитаниот примерок, и периодот во кој е спроведено испитувањето. Прилогот е емитуван двапати, премиерно во дневникот од 17 часот, и репризно во дневникот од 20 часот.

**01.10.2017**

| **Период на емитување на прилогот** | |
|---|---|
| **Почеток** | **Крај** |
| 17:19:40 | 17:22:24 |
| 20:17:47 | 20:20:30 |

**7. Опис на прекршувањето:**

Спротивно на одредбите од членот 77 став 2 од Изборниот законик, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, на 1 октомври 2017 година, емитуваше прилог со резултати од испитување на јавното мислење поврзано со учесниците во изборниот процес за Локалните избори 2017, при што не ги наведе податоците за веродостојноста на испитувањето, односно за - нарачателот на испитувањето; применетата методологија; големината и структурата на испитаниот примерок, и периодот во кој е спроведено испитувањето.

**8. Предлог-мерка:**

Директорот на Агенцијата, согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) против програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд во рок од 48 часа по утврдувањето на прекршувањето на одредбите од Изборниот законик.

***Сектор за програмски работи***